46480

X. 46480

МАКЕДОНИЈА ДЕНЕС • ВТОРНИК 4 АПРИЛ 2000



**МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ И НАТАМУ СО УНИШТЕН ПОКРИВ**



# Сиромавиот плаќа двапати

*Вака се коментира новонастанатата состојба во МСУ во која поради 90-те илјади ГМ што пред седум години им ги доделило Министерството за култура и кои биле недоволно за целосна санација на покривот, се одбива новото барање за комплетно решавање на овој долгорочен проблем*

Сомничавоста што ја изрази министерот за култура во врска со побарувачката од 400 илјади ГМ за поправка на покривот на Музејот за современа уметност е неоправдана, ценат во оваа институција. Затоа директорот на Музејот, Зоран Петровски, подготвува писмо со обемна документација, во која ќе ја објасни алармантната состојба во која се наоѓа оваа институција.

„Со исклучок на '80 год. кога е извршена целосна санација на покривот и на '93 год. кога делумно е интервенирано на најкритичните точки, во Музејот ништо не е променето", вели Петровски наведувајќи дека освен покривот, сосема е дотраена и електричната мрежа и системот за затоплување. Поправката на покривот на Музејот, меѓутоа, останува приоритет, особено поради фактот што со успешноста на таа санација е условено и пристигнувањето на парите од затворениот конкурс на ФАРЕ-програмата, добиени за натамошни инфраструктурни промени во Музејот.

„Целосната санација на покривот последен пат е направена 1980 година. Интервенциите преземени '93 година со некои 90 илјади ГМ од Министерството за култура се извршени само на едно од трите крила на музејската зграда, таму каде што состојбата беше најкритична. Тие средства беа недоволни за да се изврши целосна санација на трите илјади метри квадратни покривна површина", вели Петровски.

Покривот на Музејот на современата уметност се смета за проблематичен уште од неговото поставување. Станува збор, според тврдењето на архитектите, за комплицирана конструкција од три материјали: стакло, бетон и челик, чии спојки се подложни на тн. процес на дилатација, што значи проширување. Поради тоа, дел од консултираните проектанти сметаат дека треба да биде поставен нов покрив, што би чинело астрономски, а дел сметаат дека комплетната санација може да биде - подолгорочно решение. Побараните 400 илјади ГМ од Министерството за култура би биле дополнети и со средства што Музејот е подготвен да ги обезбеди од сопствени избори и со спонзорства.

**Поради нужноста од санација на покривот, Музејот дури понуди опција средствата за своите овогодишни активности да бидат насочени кон таа цел. Меѓутоа, сомничавиот коментар на министерот Пауновски на минатонеделната прес-конференција го примаат како отфрлање на нивната иницијатива.**